**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Име на материјалот:** Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки

**ЕПП бр. 2009.0700.5628**

**Усогласеност со Годишната програма на Владата:**
- материјалот не е предвиден во Програмата

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**
ДА √ ДЕЛУМНО НЕ

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:**
На првата наредна седница

**Карактер на материјалот:**
- слободен пристап √
- ограничена употреба
- класифицирана информација (државна тајна, строго доверливо, доверливо, интерно);

**Итност на материјалот: ДА**

**Прилог:**
Образец за проценка на фискалните импликации
Изјава за усогласеноста на прописот со законодавството на Европската унија и кореспондентна табела
План за спроведување на проценка на влијание на регулативата (образец бр. 1)
Иницијална проценка на влијание на регулативата (образец бр. 2)
Мислење од Секретаријат за законодавство -

| | |
|---|---|
| **Дата на доставување на материјалот:**<br>___.02.2010 година | **ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ:**<br>**м-р Зоран Ставрески**<br>**ПОТПИС:** |

**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

---

# М Е М О Р А Н Д У М

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
## НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА И**
**МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ: м-р Зоран Ставрески**

**ПОТПИС:**

**Скопје, февруари 2010 година**

**1.Осврт по материјалот:**
Со доставениот Предлог на Закон се предлагаат измени и дополнувања на Законот за јавните набавки поради негово усогласување со Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик. Измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки се вршат во Седмата глава - Доделување на договорот за јавна набавка - Дел 2 Утврдување на способност – Оддел 2 Лична состојба на економскиот оператор од Законот за јавните наабвки. Со предложените измени и дополнувања се пропишува можноста економскиот оператор да биде исклучен од постапката за доделување на доделување на договор за јавна набавка доколку му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за доделување на договори за јавна набавка или доколку му е изречена привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност.
Воедно, со предложените измени и дополнувања се предлага воведување на две нови потврди кои ќе ги издава Централниот регистар на Република Македонија со кои економските оператори ќе ја докажуваат својата лична состојба во постапките за доделување на договори за јавна набавка. Исто така е предвидено еден од документите за докажување на личната состојба на економските оператори во постапките кој до сега го издаваше надлежниот суд, да почне да се издава од Централниот регистар. Ова се врши поради усогласување на Законот за јавните набавки со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица. Со ова, сите документи за докажување на личната состојба на економските оператори ќе се издаваат на едно место од Централниот регистар што претставува поефикасно законско решение.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:** Дадените забелешки од институциите од кои Бирото за јавни набавки побара да достават мислење по предложените измени и дополнувања на Законот за јавните набавки се инкорпорирани во текстот на Прелогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки.

**4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош: ДА НЕ√**

**Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста на државната помош: ДА НЕ√**

**5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог) ДА НЕ√**

**6. Усогласеност со преземените обврски од ратификуваните меѓународни договори:**

**7. Решение кое се препорачува (со образложение):**
Владата на Република Македонија да го разгледа и да го усвои Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки поради потребата за негово усогласување со последните извршени измени и дополнувања на Кривичниот законик и новововедените регистри кои ги води Централниот регистар согласно со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

**8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат: НЕ**

**9. Очекувани влијанија:**
Со предложените измени и дополнувања на Законот за јавните набавки се очекува елиминирање на можноста економски оператори на кои од судот им е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за доделување на договори за јавна набавка, како и економски оператори на кои им е изречена привремена или трајна забрана за вршење на

одделна дејност да учествуваат во постапките за доделување на договори за јавна набавка и да добијат договори за јавна набавка. Исто така, се очекува олеснување за економските оператори при обезбедување на документите потребни за докажување на својата лична состојба за учество во постапките за доделување на договори за јавна набавка, со оглед на тоа дека сите потребни документи за тоа ќе се издаваат на едно место преку шалтерите на Централниот регистар на Република Македонија, што неминовно ќе придонесе за поефикасна и побрза подготовка на понудите од страна на економските оператори.

**10.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот: ДА√ НЕ**

**11. Клучни елементи за информирање на јавноста:**
Потребата за обезбедување две нови потврди со цел учество во постапките за доделување на договори за јавна набавка и информирање за органот кој истите ќе ги издава.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

**за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки**

**Скопје, февруари 2010**

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Јавните набавки претставуваат важен сегмент на економскиот систем на секоја држава. Поради тоа системот на јавни набавки мора да обезбеди економични и ефикасни постапки за доделување на договори за јавни набавки и рационално искористување на средставата на даночните обврзници.

Системот на јавни набавки во Република Македонија е уреден со Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија” број136/2007) и Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија” број 130/2008), како и со подзаконските акти донесени врз основа на наведените закони.

Со наведените закони се создаде сеопфатна законска рамка за јавните набавки и се обезбеди зголемување на транспарентноста, конкурентноста и ефикасноста на системот на јавните набавки во Република Македонија.

Поаѓајќи од досегашната практична примена на Законот за јавните набавки, може да се оцени дека воспоставениот систем на јавни набавки во Република Македонија ги постигнал целите како што се транспарентно доделување на договори за јавни набавки, еднаков третман на учесниците во постапките, недискриминација и конкуренција на економските оператори, односно поттикнување на пазарната конкуренција и рационално и ефикасно искористување на средствата.

Потребата за изготвување на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки е резултат на негово усогласување со измените и дополнувањата на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија” број 114/2009), кои ќе почнат да се применуваат од март 2010 година.

Имено, донесувањето на измените и дополнувањата на Кривичниот законик ја наметна потребата од негово усогласување со повеќе закони меѓу кои и со Законот за јавните набавки.

Една од позначајните новини кои се воведуваат со измените и дополнувањата на Кривичниот законик е казнената одговорност за правни лица и консеквентно, воведување соодветни казни за нив.

Воедно, со членот 10 од измените и дополнувањата се предвидува менување на одредбите од целата глава на општиот дел на Кривичниот законик која се однесува на казнување на правните лица, а со предложените измени се дополнува кругот на споредните казни и се утврдуваат условите за нивно изрекување.

Наведениве измени и дополнувања на Кривичниот законик се рефлектираат и врз Законот за јавните набавки, поточно врз Седмата глава - Доделување на договорот за јавна набавка - Дел 2 Утврдување на способност – Оддел 2 Лична состојба на економскиот оператор. Оваа глава, односно овој дел се однесува на критериумите за утврдување на способност на економските оператори кои учествуваат во постапката за доделување на договор за јавна набавка. Имено, способноста на економските оператори се утврдува врз основа на личната состојба, способноста за вршење на професионална дејност, економско-финансиската способност, техничката и професионалната способност, стандардите за квалитет и стандардите за управување со животната средина кои ги применува економскиот оператор.

Согласно со овие законски одредби економскиот оператор може да биде исклучен од постапката за доделување на договор за јавна набавка доколку е во постапка на стечај или на ликвидација. Друг основ за исклучување на економскиот оператор е неисполнување на обврските кон државата или општината, односно немањето платено даноци, придонеси или други јавни давачки. Исто така, основ за исклучување на економскиот оператор од постапката за доделување на договорот за јавна набавка може да биде и изречената прекршочна санкција - забрана за вршење на професија. Од постапката може да биде исклучен и економски оператор кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците кои се бараат.

Имајќи предвид дека изречената споредна казна забрана за учество во постапки за доделување на договори за јавна набавка ќе значи дека економскиот оператор на кого му е изречена оваа споредна казна ќе треба да биде исклучен од постапката доколку поднел

понуда или пријава за учество во истата, се јавува потреба од соодветна интервенција во Законот за јавните набавки во делот кој ја пропишува личната состојба на економскиот оператор.
Од наведените причини, се предлага дополнување на Законот за јавните набавки.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предложените измени и дополнувања на Законот за јавните набавки првенствено се со цел за негово усогласување со Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик. Со законот дополнително се пропишува можноста економскиот оператор да биде исклучен од постапката за доделување на договор за јавна набавка доколку му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за доделување на договори за јавна набавка или доколку му е изречена привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност.
Операционализацијата на ова ќе се изврши преку воведување на две нови потврди кои ќе ги издава Централниот регистар на Република Македонија и кои економските оператори ќе треба да ги достават до договорниот орган како би можеле да учествуваат во постапките за доделување на договори за јавна набавка.
Истовремено со тоа ќе се изврши и усогласување на Законот за јавните набавки со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица и новововедените регистри на податоци воспоставени со него. Со ова, сите документи за докажување на личната состојба на економскиот оператор ќе се издаваат одеднаш на едно место од страна на Централниот регистар со што постојното законско решение определени документи да се добиваат од надлежните судови се заменува со поефикасно законско решение.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

## V. УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на Законот за јавните набавки не се врши дополнително услогласување со правото на Европската унија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

**Член 1**

Во Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“, бр. 136/2007 и 130/2008), во членот 147 став 1 по алинејата 2, се додаваат две нови алинеи 3 и 4, кои гласат:
"- му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство, “
„- му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност“.

Во ставот 2 алинејата 4 зборот „и“ на крајот се заменува со „запирка“ и се додаваат две нови алинеи 5 и 6, кои гласат:
"- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство, “
„- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност и“.
Во алинејата "5", која станува алинеја "7", зборот „уверение“ се заменува со зборот: „потврда“.

**Член 2**

Постапките за јавни набавки започнати пред денот на отпочнување на примена на овој закон ќе завршат согласно со прописите што важеле пред денот на отпочнувањето на примена на овој закон.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 22 март 2010 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ**

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки претставува усогласување на Законот за јавните набавки со Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

Усогласувањето се врши во Седмата глава - Доделување на договорот за јавна набавка - Дел 2 Утврдување на способност – Оддел 2 Лична состојба на економскиот оператор.

Имено, во постапката за доделување на договор за јавна набавка се предвидува договорниот орган да оцени дали економскиот оператор е компетентен, односно способен да го реализира конкретниот договор. Оценувањето на способноста се врши во согласност со критериумите за утврдување на способност, односно способноста на економските оператори се утврдува врз основа на личната состојба, способноста за вршење на професионална дејност, економско-финансиската способност, техничката и професионалната способност, стандардите за квалитет и стандардите за управување со животната средина кои ги применува понудувачот или кандидатот. Всушност, со критериумите за утврдување на способност се оценуваат економските оператори кои учествуваат во постапката за доделување на договор за јавна набавка, а не нивните понуди.

Согласно со Законот за јавните набавки при спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка, договорниот орган задолжително ја проверува личната состојба и способноста за вршење на професионална дејност на економските оператори, додека утврдувањето на економско-финансиската способност и техничката или професионалната способност се опционални и се утврдуваат во зависност од вредноста и специфичноста на предметот на договорот за јавна набавка.

При тоа, договорниот орган, ќе го исклучи од постапката за доделување на договор за јавна набавка економскиот оператор доколку има информација дека во последните пет години му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење на пари.

Економскиот оператор може да биде исклучен од постапката за доделување на договор за јавна набавка доколку е во постапка на стечај или на ликвидација, а основ за исклучување на економскиот оператор е и неисполнувањето на обврските спрема државата или општината, односно немањето платено даноци, придонеси или други јавни давачки. Исто така, основ за исклучување на економскиот оператор од постапката за доделување на договорот за јавна набавка може да биде и изречената прекршочна санкција - забрана за вршење на професија. Од постапката може да биде исклучен и економски оператор кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците кои се бараат.

Изрекувањето на споредната казна забрана за учество во постапки за доделување на договори за јавна набавка која се воведува со измените и дополнувањата на Кривичниот законик ќе се одрази врз личната состојба на економските оператори и нивната можност да учествуваат во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

Со членот 1 од Предлог-законот се предлага дополнување и изменување на членот 147 од законот, односно во ставот 1 по алинејата 2 се додаваат две нови алинеи, со кои се воведува обврска за договорниот орган да го исклучи од постапката за доделување на договор за јавна набавка економскиот оператор на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство или му е изречена привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност.

Исто така, и во ставот 2 од членот 147 по алинејата 4, се додаваат две нови алинеи 5 и 6, со кои се пропишуваат документите со кој економските оператори ќе докажуваат дека не им е

изречена погоре наведената споредна казна од судот, односно не им е изречена привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност. Овие две новововедени потврди се усогласени со измените и дополнувањата на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица и новите регистри кои се воведени со истите. Во алинејата 5, која сега станува алинеја 7, се предлага замена на уверението со потврда имајќи предвид дека истото ќе го издава Централниот регистар. Ваквата измена во Законот за јавните набавки се предлага поради терминолошко усогласување на овој закон со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица. Имено, со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица е пропишано дека податоците запишани во регистарот во електронска форма на трошок на подносителот на барањето се издаваат во вид на информација, потврда, отпечаток од скенирани записи и слично. Со оглед на тоа дека податоците дали на правните и физички лица со правосилна пресуда им е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност од надлежните судови ќе се собираат во регистрите на Централниот регистар, потребно е називот на документот со кој ќе се потврдува дека на економскиот оператор со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност за учество во постапките за доделување на договори за јавна набавка од уверение да се замени со потврда. Централниот регистар согласно своите законски надлежности не може да издава уверенија.

Членовите 2 и 3 од Предлог-законот се завршни одредби.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со предложените измени и дополнувања на Законот за јавните набавки се проширува основот согласно со кој економскиот оператор може да биде исклучен од постапките за доделување на договори за јавна набавка, поради измените и дополнувањата на Кривичниот законик со кои се воведени нови видови споредни казни кои се однесуваат на областа на јавните набавки.

Исто така, со цел докажување дека на економскиот оператор не му е изречена привремена или трајна забрана за вршење на одредена дејност, се воведуваат два нови документи кои ќе се издаваат од соодветниот регистар кој се води во Централниот регистар. Документот кој го издаваше надлежниот суд се менува со документ кој ќе го издава Централниот регистар, со што се менува и називот на самиот документ од уверение во потврда.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон договорните органи во постапките за доделување на договори за јавна набавка ќе треба соодветно да ги предвидат и новите документи кои економските оператори ќе треба да ги достават за да ја докажат својата лична состојба. Централниот регистар со датумот на примена на овој закон преку своите подрачни канцеларии ќе треба да започне со издавање на овие документи.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ, ОДНОСНО ДОПОЛНУВААТ**

**Член 147**

(1) Договорниот орган го исклучува од постапката за доделување на договор за јавни набавки секој економски оператор доколку:

- е во постапка на стечај или постапка на ликвидација;
- има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, и
- дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

(2) За докажување на својата лична состојба, економскиот оператор ги доставува следниве документи:

- изјава на економскиот оператор дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од Управата за јавни приходи, односно од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
- уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

(3) Документите од ставот 2 на овој член не смеат да бидат постари од 6 месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од економскиот оператор.

(4) Ако договорниот орган се сомнева во документите за утврдување на личната состојба на економскиот оператор, тој може да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ**

| | |
|---|---|
| •Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки | •Министерство / орган на државна управа :<br>**Министерство за финансии** |
| •**Цел на предлогот:** Усогласување со измените и дополнувањата на Кривичниот законик | •Вид на предлог:<br>**Предлог на Закон за изменување и дополнување на**<br>**Законот за јавните набавки** |
| •Контакт лице и звање:<br>**м-р Маре Богева Мицовска,**<br>**Директор** | •Контакт тел./факс или е-пошта:<br>**тел. 3106-183**<br>**факс 3111-074** |

•Активност: **Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки**

| | | | |
|---|---|---|---|
| •Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>() Друга нова регулатива | ( ) Нова програма<br><br>( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

•**Цел на барањето / предложената активност:** Воведување на две нови можности согласно со кои економските оператори ќе бидат елиминирани од постапките за доделување на договори за јавна набавка и воведување на дополнителна соодветна документација преку која ќе се докажува личната состојба на економските оператори во постапките

•Врска со владината програма:

| •Фискални импликации: | **Тековна год.** | **во 2010 год.** | **во 2011 год.** | **во 2012 год.** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | --- | --- | --- | --- |
| Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | --- | --- | --- | --- |
| Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | --- | --- | --- | --- |
| Расположиви средтства од | --- | --- | --- | --- |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Нето имликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | --- | --- | --- | --- |
| Зголемување / намалување на приходите | --- | --- | --- | --- |
| Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:<br>________________________________ | --- | --- | --- | --- |
| •Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | --- | --- | --- | --- |
| •Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | --- | | | |
| •Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или н надвир од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | --- | | | |
| •Дата на завршување на проценката | --- | | | |
| •Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | --- | | | |
| •Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | --- | | | |
| •Измени побарани од Министерството за финансии: | --- | | | |
| •Одговор на министерството-предлагач: | --- | | | |
| •Одговор од Министерството за финансии: | --- | | | |
| •Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | --- | | | |
| •Одобрено/Дата:<br><br>_____________________________<br>Потпис на државен секретар или директор на орган | **__.02.2010 год.** | **Заменик претседател на Влада и министер за финансии<br>м-р Зоран Ставрески** | **__.02.2010 год.** | |

<u>**Образец бр.1**</u>

**План за спроведување**

**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| **Наслов на предлог законот:** | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки |
| **Министерство:** | Министерство за финансии |
| **Лице за контакт/одговорно лице:** | м-р Маре Богева Мицовска, Директор на Бирото за јавни набавки<br>т. 3106-183 |
| **Очекуван датум за усвојување на предлог законот** | Март 2010 година |
| **Поврзаност со ЕУ директиви** | Не |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

Потребата за изготвување на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки е резултат на негово усогласување со измените и дополнувањата на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 114/2009), кој ќе почне да се применува од март 2010 година.

2.Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Со оглед на тоа што со измените и дополнувањата на Кривичниот законик се воведени нови споредни казни кои можат да им бидат изречени на правните лица во кривичните постапки, а кои ја тангираат и областа на јавните набавки, неопходно е да се извршат измени и дополнувања на Законот за јавните набавки во делот кој го регулира правото на економските оператори да учествуваат во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

3.Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Секретаријат за европски прашања на Владата на Република Македонија, Министерство за правда, Секретаријат за законодавство на Владата на Република Македонија, Министерство за финансии, Централен регистар на Република Македонија.

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Информација за обврската за усогласување на законодавството со измените и дополнувањата на Кривичниот законик од Извадокот од Нацрт-записникот од Сто дваесет и третата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 30.11.2009 година со која се задолжуваат органите на државната управа и надлежните институции до 01.01.2010 да подготват и доставaт до Владата измени и дополнувања на релевантните закони во форма на предлог на закон, со цел усогласување со измените и дополнувањата на Кривичниот законик.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

За спроведување на предложените измени и дополнувања на Законот за јавните набавки не е потребно да се соберат дополнителни информации.

3.Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална.

4.Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

НЕ

| |
|---|
| **Дел 2: Подетално планирање, вклучително време и ресурси**<br>(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија |

В. Временска рамка

**1.Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанието на регулативата?**

март 2010

**2.Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?**

Не е предвидено вклучување на надворешни експерти

**3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?**

јануари 2010

**Г. Ресурси**

**1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот?**

Предлог законот е веќе финализиран од постојната кадровска структура на Бирото за јавни набавки и не се потребни дополнителни финансиски ресурски.

**Образец бр. 2**

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

## Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

### Опис на проблемите

Потребата од донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки произлезе од потребата за негово усогласување со измените и дополнувањата на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија” број 114/2009).

Имено, донесувањето на измените и дополнувањата на Кривичниот законик ја наметнаа потребата од негово усогласување со повеќе закони меѓу кои и со Законот за јавните набавки. Една од позначајните новини кои се воведуваат со измените и дополнувањата на Кривичниот законик е казнената одговорност за правни лица и консеквентно, воведување соодветни казни за нив. Воедно, со членот 10 од измените и дополнувањата се предвидува менување на одредбите од целата глава на општиот дел на Кривичниот законик која се однесува на казнување на правните лица а со предложените измени се дополнува кругот на споредните казни и се утврдуваат условите за нивно изрекување.

Наведениве измени и дополнувања на Кривичниот законик се рефлектираат и врз Законот за јавните набавки, поточно врз **Седмата глава - Доделување на договорот за јавна набавка - Дел 2 Утврдување на способност – Оддел 2 Лична состојба на економскиот оператор.** Оваа глава, односно овој дел се однесува на критериумите за утврдување на способност на економските оператори кои учествуваат во постапката за доделување на договор за јавна набавка. Согласно овој дел од законот економскиот оператор може да биде исклучен од постапката за доделување на договор за јавна набавка доколку е во постапка на стечај или на ликвидација, друг основ за исклучување на економскиот оператор е неисполнување на обврските спрема државата, односно немањето платено даноци, придонеси или други јавни давачки. Исто така, основ за исклучување на економскиот оператор од постапката за доделување на договорот за јавна набавка може да биде и изречената прекршочна санкција - забрана за вршење на професија. Од постапката може да биде исклучен и економски оператор кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците кои се бараат.

Имајќи предвид дека изречената споредна казна забрана за учество во постапки за доделување на договори за јавна набавка ќе значи дека економскиот оператор на кого му е изречена оваа споредна казна ќе треба да биде исклучен од постапката, се јавува потреба од соодветна интервенција во Законот за јавните набавки во делот кој ја пропишува личната состојба на економскиот оператор. Истото се однесува доколку како споредна казна на економскиот оператор му биде изречена привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност.

### Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Целосно усогласување со донесените измени и дополнувања на Кривичниот законик во делот на водењето на казнена политика и изрекување на споредни казни кои ја тангираат областа на јавните набавки во земјата и доделувањето на договори за јавна набавка. Тоа би подразбирало дека учесници во постапките за доделување на договори за јавна набавка не можат да бидат економски оператори на кои судот во соодветна постапка им изрекол споредна казна забрана за учество во постапки за додеување на договори за јавни набавки или привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност.

Централниот регистар со започнувањето со примена на овие измени и дополнувања на Законот за јавните набавки треба да започне со издавање на новите документи преку кои економските оператори ќе ја докажуваат својата лична состојба.

### Идентификација на можни решенија (опции)

Со оглед на тоа што предложените измени и дополнувања на Законот за јавните набавки се условени од извршените измени и дополнувања на Кривичниот законик и потребата за усогласување на двата закона, како и имајќи ги предид измените и дополнувањата на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица со воведувањето на дополнителни регистри кои ги води Централниот регистар кои се база за податоци во постапките за доделување на договори за јавна набавка, се предлага Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки да се донесе.

### Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

**Предложено решение (опција):** Воведување на две нови можности согласно кои договорниот орган може да исклучи економски оператор од постапката за доделување на договор за јавна набавка, и воведување на нови документи преку кои економските оператори ќе докажат дека ги исполнуваат новите услови за учество во постапките согласно предложените измени и дополнувања на Законот за јавните набавки.

**Опис:** Одредбата од членот 147 став 1 од Законот за јавните набавки со која се пропишуваат условите по кои договорниот орган го исклучува од постапката за доделување на договор за јавна набавка секој економски оператор се дополнува со две нови алинеи, односно услови кои пропишуваат од псотапката да биде исклучен и економскиот оператор на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство или му е изречена привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност. Во ставот 2 од истиот член со цел операционализирање на новите одредби дадени претходно се додаваат две нови алинеи со кои се пропишуваат две нови потврди кои економските оператори треа да ги обезбедат, додека за документот дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност се предвидува наместо надлежниот суд да го издава Централниот регистар.

- **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.
  **ДА.** Со цел докажување дека на економскиот оператор согласно Кривичниот законик не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство, односно не му е изречена привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност, економскиот оператор ќе треба да достави и два нови документи кои пред овие измени и дополнувања не требаше да се доставуваат за докажување на личната состојба во постапките, односно потврда издадена од регистарот на споредни казни за сторените кривични дела на правни лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за доделување на договори за јавна набавка, како и потврда издадена од регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност дека не му е изречена привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност. Уверението дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност се предвидува наместо надлежниот суд да го издава Централниот регистар со што овој документ наместо уверение станува потврда.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.
  **ДА.** Трошоци за издавањето на двете потврди од страна на Централниот регистар на Република Македонија - потврдата дека на економскиот оператор не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за доделување на договори за јавна набавка и потврдата дека на економскиот оператор не му е изречена привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност. Сепак, трошоците за овие две нови потврди кои ќе треба да се приложат со понудата во постапката за доделување на договор за јавна набавка воопшто нема негативно финансиски да се одразат над економските оператори бидејќи истите економскиот оператор ќе треба да ги обновува најмногу два пати годишно. Исто така, се очекува трошоци на економските оператори да се намалат со тоа што потврдите дека не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на дејност наместо од надлежниот суд ќе се издаваат од Централниот регистар на Република Македонија по пониска цена од сегашната.

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.
  **ДА.** Трошоци за издавањето на двете потврди од страна на Централниот регистар на Република Македонија - потврдата дека на економскиот оператор не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за доделување на договори за јавна набавка и потврдата дека на економскиот оператор не му е изречена привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност. Сепак, трошоците за овие две нови потврди кои ќе треба да се приложат со понудата во постапката за доделување на договор за јавна набавка воопшто нема негативно финансиски да се одразат над економските оператори бидејќи истите економскиот оператор ќе треба да ги обновува најмногу два пати годишно. Исто така, се очекува трошоци на економските оператори да се намалат со тоа што потврдите дека не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на дејност наместо од надлежниот суд ќе се издаваат од Централниот регистар на Република Македонија по пониска цена од сегашната.

•**Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни:

Се очекува со издавањето на дополнителните документи, Централниот регистар на Република Македонија да има зголемување на приходите.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

  Нема.

•**Ризици и претпоставки**

Нема.

•**Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| **Влијание врз правата на граѓаните** | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

Извршени се консултации и прибавено е позитивно мислење по однос на предложената мерка од Министерството за финансии, Централниот регистар на Република Македонија, Секретаријатот за законодавство, Министерството за правда и Секретаријатот за европски прашања.

## Резиме на иницијалната проценка на влијание на регулативата

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Донесените измени и дополнувања на Кривичниот законик се рефлектираат и врз Законот за јавните набавки, поточно врз Седмата глава - Доделување на договорот за јавна набавка - Дел 2 Утврдување на способност – Оддел 2 Лична состојба на економскиот оператор. Согласно овој дел од законот се пропишуваат условите согласно со кои економскиот оператор може да биде исклучен од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Со предложените измени и дополнувања на Законот за јавните набавки се предвидуваат два дополнителни услови по кои економските оператори можат да бидат исклучени од постапките за доделување на договори за јавна набавка. Односно, учесници во постапките за доделување на договори за јавна набавка не можат да бидат економски оператори на кои судот во соодветна постапка им изрекол споредна казна забрана за учество во постапки за додеување на договори за јавни набавки или привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

- м-р Маре Богева Мицовска, директор на Бирото за јавни набавки
- Рита Глигоријевска, раководител на Сектор за нормативна дејност, обуки и меѓународни односи,
- Александар Аргировски, помошник раководител на Сектор за нормативна дејност, обуки и меѓународни односи

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

- м-р Маре Богева Мицовска, директор на Бирото за јавни набавки

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Има влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10 | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11 | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12 | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, **м-р Зоран Ставрески**, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:
........................................................................... Датум ___.02.2010

**ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРОПИСОТ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА**

| |
|---|
| •Правен пропис |
| **1.1. Назив на прописот** |
| *Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки* |
| Draft Law amending and supplementing the Law on Public Procurement |
| **1.2. Предлагач** |
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ** |
| **1.3. ЕПП број** |
| 2009.0700.5628 |
| 1.4. Број и назив на поглавјето од правото на ЕУ согласно Националната програма за усвојување на правото на ЕУ |
| 3.05 - Јавни набавки |

| |
|---|
| •Усогласеност на предлогот на прописот со одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки |
| **2.1. Одредба од Спогодбата која се однесува на нормативната содржина на прописот** |
| **Спогодба за стабилизација и асоцијација**<br><br>**Глава VI - член 68 и 72**<br><br>Согласно со презмените обврски на Република Македонија од Спогодбата за стабилизација и асоцијација потпишана со Европската унија, Република Македонија презема континуирани активности за приспособување на законската регултатива од областа на јавните набавки во земјата со онаа на Европската унија. Во таа насока Република Македонија настојува да обезбеди компатибилност на своите закони со оние на Унијата.<br><br>За таа цел Република Македонија презема активности за градење на систем за јавни набавки во кој договорите за јавни набавки кои ги доделуваат договорни органи од Република Македонија ќе се доделуваат врз основа на принципите на недискриминација и реципроцитет кога учесници во постапките за нивно доделување се од земји членки на СТО. |
| **2.2. Дали правниот пропис е во согласност со одредбите од Спогодбата за стабилизација и асоцијација** |
| ☐ **Да** ☐ **Не** |
| **•Причини за неисполнување, односно делумно исполнување на обврските кои произлегуваат од наведените одредби на Спогодбата** |
| |

| |
|---|
| **•Усогласеност со изворите на правото на Европската Унија** |

| | |
|---|---|
| **3.1 Степен на усогласеност со секундарните извори од правото на ЕУ кои имаат задолжителен карактер** | |
| **ЕУ пропис - CELEX** | ☐ **потполна угласеност** ☐ **делумна усогласеност** ☐ **неусогласеност** |
| **ЕУ пропис - CELEX** | ☐ **потполна угласеност** ☐ **делумна усогласеност** ☐ **неусогласеност** |
| **ЕУ пропис - CELEX** | ☐ **потполна угласеност** ☐ **делумна усогласеност** ☐ **неусогласеност** |
| **ЕУ пропис - CELEX** | ☐ **потполна угласеност** ☐ **делумна усогласеност** ☐ **неусогласеност** |
| **3.2.Причини за делумна усогласеност или неусогласеност со секундарните извори на правото кои имаат задолжителен карактер** | |
| **3.3.Усогласеност со секундарните извори на правото кои имаат незадолжителен карактер** | |
| **3.4. Усогласеност со други извори на правото на ЕУ** | |
| **3.5. Причини за делумна усогласеност или неусогласеност со другите извори на правото на ЕУ** | |
| **3.6. Рок во кој е предвидено постигнување на потполна усогласеност на предлогот на прописот со правото на Европската унија** | |
| **3.7. Кореспондентна табела (прилог)** | |

| ●Превод на изворите на правото на ЕУ и правниот акт | | |
|---|---|---|
| 4.1. Дали горенаведените извори на правото на ЕУ се преведени на македонски јазик?<br><br>Доколку изворот на преводот не е СЕП, преводот задолжително треба да се достави до Секретаријатот за европски прашања. | | |
| ☐ ДА | Верзија МК: | ☐ НЕ |
| 4.2. Достапност на преводот на прописот на ЕУ | | |
| | | |

| |
|---|
| **•Дали предлогот на прописот е преведен на англиски јазик?** |
| ☐ **ДА** ☐ **НЕ** |
| **4.4. Дали прописот е преведен на друг јазик на ЕУ** |
| ☐ **ДА** ☐ **НЕ** |
| **4.5. Достапност на преводот на прописот** |
| |

| •Стручна помош и мислење<br>(ЕК, КАРДС, ИПА, TAIEX, SIGMA, држава членка, Совет на Европа, домашни стручњаци) |
|---|
| 5.1. Учество на техничка помош и консултанти во изработката на предлогот на прописот |
| |
| 5.2. Дадено мислење за усогласеноста на прописот |
| |

| Раководител на надлежниот сектор | |
|---|---|
| **Име презиме:** | **м-р Маре Богева Мицовска** |
| **Звање и работно место:** | **Директор** |
| **Потпис:** | |
| **Датум:** | **____.02.2010 год.** |
| Заменик Претседател на Влада и Министер за финансии | |
| **Име и презиме:** | **м-р Зоран Ставрески** |
| **Потпис:** | |
| **Датум:** | **____.02.2010 год.** |

**МИСЛЕЊЕ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО ЗА ИЗЈАВАТА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ СО КОРЕСПОНДЕНТНАТА ТАБЕЛА НА ПРОПИСОТ**
**(НАЗИВ, ЕПП БРОЈ)**

**Секретаријатот за законодавство ја разгледа изјавата за усогласеност со кореспондентната табела и го дава следново мислење:**

| Во однос на точките 2. и 3 од Изјавата, вклучително и Кореспондентната табела, Секретаријатот за законодавство: | |
|---|---|
| **а) целосно се согласува** | ☐ |
| **б) делумно се согласува и ги дава следниве забелешки:** | |
| **в) цени дека несоодветно го одразува степенот на усогласеност на прописот со законодавството на ЕУ од следниве причини:** | |

| Мислењето го подготви: | | Секретар на Секретаријатот за законодавство | |
|---|---|---|---|
| **Име презиме:** | | **Име и презиме:** | |
| **Звање и работно место:** | | | |
| **Потпис:** | | **Потпис:** | |
| **Датум:** | | **Датум:** | |